Уп. Бр.08-116/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на Елмор Електрични Инсталации и Сервиси 1986 ДОО, со регистрирано седиште на ул. 22 Хотзот Хајотзер, Ашкелон, 7878545, Израел преку Ѓорѓи Георгиевски, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 30.09.2022 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на единствена контрола од страна на Елмор Електрични Инсталации и Сервиси 1986 ДОО, со регистрирано седиште на ул. 22 Хотзот Хајотзер, Ашкелон, 7878545, Израел над Друштво за производство на енергија СУШЕВО 1 ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр.39-15, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 29.08.2022 година а дополнето на 13.09.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Елмор Електрични Инсталации и Сервиси 1986 ДОО, со регистрирано седиште на ул. 22 Хотзот Хајотзер, Ашкелон, 7878545, Израел (во понатамошниот текст Елмор), со која Елмор ќе стекне самостојна контрола над Друштво за производство на енергија СУШЕВО 1 ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр.39-15, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на удели.
Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Елмор** спроведува проекти за имплементација на енергија, електрична енергија и климатизација. Елмор нуди услуги во неколку области како што се електрични централи, обновлива и соларна енергија, индустрија, телекомуникации, комерцијални и јавни згради, воени и одбранбени објекти, електрична и телекомуникациска инфраструктура и улично осветлување. Областите на активност опфаќаат проекти од областа на електриката, енергија и електрични централи, обновлива енергија, климатизација, енергетска ефикасност и заштеда на осветлување, автоматизација и контрола, производство на електрични панели, производство на осветлувачки бандери и електро-механичко одржување. Подружници на Ел-мор се: Елмор Електрисити, за големи електрични проекти; Елмор Индустрии, чија дејност е производство на електрични панели, и Јазив, кои спроведуваат проекти поврзани со климатизација и ладење меѓу другото.

Елмор нема регистрирано присуство и не е активно во Република Северна Македонија.

**Друштво за производство на енергија СУШЕВО 1 ДООЕЛ Скопје**, е ново основано друштво за посебна намена за развој на фотоволтаични проекти со капацитет од околу 100 MW (AC) лоцирано во областа на Штип, катастарска општина Доброшани.

Друштво за производство на енергија СУШЕВО 1 ДООЕЛ Скопје, нема поврзани друштва во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**